To all Sakam
Knigi members -
With love,
Julie James

Ако и ти сакаш книги...

ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ

www.sakamknigi.mk

Местото каде ќе дознаеш што навистина вреди да се прочита...

**Наслов на оригиналот**

About that night

© 2012 Julie James

**Copyright © за македонското издание**
Издавачка куќа Сакам книги, 2013

**Превод** Ивана Николовска
**Коректура** Симона Костовска
**Лектор** Марија Иванова

**Главен уредник** Ивана Николовска
**Маркет менаџер** Деана Николовска
**Дизајн на корица** Диме Спасев
**Компјутерска обработка** Диме Спасев

*Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.*

# Во врска со онаа ноќ

Од авторот на Нешто слично на љубов и Само најсекси маж кој постои

Џули Џејмс

сакам книги

Ако и ти сакаш книги...

За Шарлин

Знам дека гледаш и си го одржувам она ветување.

# Еден

*Мај, 2003 година*
*Универзитет Илиноис, Урбана*

ТАА ИМАШЕ ПРЕЖИВЕАНО.

Залепена за дрвениот ѕид, со брадата потпрена на раката, Рилан Пирс слушаше додека нејзините пријатели разговараа околу неа и - за првпат во месец дена - беше среќна што не мораше да размислува за ништо.

Заедно со уште петмина колеги од правниот факултет, таа седеше на една преполна маса на вториот кат во Клајбоурн - еден од неколкуте барови во кампусот кој го посетуваа дипломирани студенти кои бараа нивните пијалаци од по четири долари (разредени со вода) да им бидат послужени во вистински стаклени, наместо пластични чаши. Сите во групата беа на истиот отсек како и Рилан, што значеше дека сите го имаа положено својот финален испит, Криминална процедура, доцна тоа попладне. Нивното расположение беше добро и енергично бучно - енергично бучно барем според стандардите на студенти на правен факултет - а истото се влошуваше само повремено кога некој од нив ќе сфатеше дека изгубил поен на задолжителната проверка после испитот.

Некој ја буцна во лактот, прекинувајќи го нејзиното дневно сонување.

„Ало? Има некој тука?“

Прашањето дојде од цимерката на Рилан, Реј Мендоза, која седеше десно од неа.

„Тука сум. Само... се замислувам покрај базен.“ Рилан се обиде да ја задржи таа слика пред очите уште некое време. „Сончево е, со температура од дваесет и пет степени. Држам некаков тропски пијалак со едно од оние мали чадорчиња и читам книга - книга во која не морам да подвлекувам со маркер.“

„Прават такви книги?“

„Ако меморијата добро ме служи...“ Рилан и Реј си разменија по една заговорничка насмевка. Како и најголемиот дел од нивните колеги, тие го имаа поминато буквално секој буден час во последните четири недели во подвлекување белешки од предавања и учебници, решавање пробни тестови, зјапање во законици со поспани очи во ситните ноќни часови и состанување со групите за учење - сето тоа во подготовка за четирите тричасовни тестови кои би требало да го детерминираат текот на нивните идни правни кариери. Не, тука немаше никаков притисок.

На факултетот се ширеше една гласина дека втората и третата година од постдипломските студии станувале прогресивно полесни и ако тоа беше вистина, навистина ќе беше фино, затоа што постоеше една интересна активност наречена *спиење* за која Рилан имаше чуено и размислуваше да ја проба. А и тајмингот беше совршен. Таа имаше слободни недела дена пред почнувањето на нејзината летна работа и планираше да ги искористи деновите за спиење до пладне и посетување на отворениот факултетски базен кој им беше на располагање на студентите.

„Не сакам да ти го уништувам мечтаењето, но прилично сум сигурна дека во ИСФО не дозволуваат алкохолни пијалаци“, рече Реј, мислејќи на универзитетската интерна сала за физичко образование каде што се наоѓаше горенаведениот базен.

На овој неважен детаљ, Рилан само одмавна со раката. „Ќе ставам Мај Таи во мојот термос со натпис Правен Факултет и ќе им кажам на луѓето дека е леден чај. Ако обезбедувањето на кампусот ми прави некакви проблеми, тогаш ќе ги исплашам со моите квази правни акредитиви и ќе ги потсетам на четвртиот амандман, забрана на нелегални пребарувања."

„Ау. Дали си свесна дека сега звучеше како тежок гик правник?"

За жал, да, таа беше свесна. „Мислиш дека некој од нас некогаш повторно ќе биде нормален?"

Реј подразмисли за ова. „Имам слушнато дека некаде околу трета година треба да ги изгубиме нагоните да ги цитираме уставите во секојдневни разговори."

„Тоа ветува", рече Рилан.

„Но со оглед на тоа што гледам дека ти си малку повеќе забегана од останатите, тебе можеби ќе ти треба малку подолго време."

„Ти текнува на разговорот од синоќа кога ти реков дека ќе ми недостигаш летово? Си ги повлекувам зборовите."

Реј се насмеа и ја префрли раката преку рамениците на Рилан. „Мм, знаеш дека ќе умреш од досада овде без мене."

Рилан одеднаш почувствува убод од сентименталност. Сега финалните испити беа завршени. Реј и речиси сите нивни колеги и пријатели планираа да се вратат дома. Реј планираше да ги помине следните десет недели во Чикаго, да работи двојни смени како шанкерка - работа која звучеше забавно и во тоа време гламурозно и која можеше да ѝ обезбеди доволно пари за речиси цела година партиципација. Рилан, од друга страна, имаше добиено можност за летна пракса во кабинетот на народниот правобранител за Централен Илиноис. Во ред, праксата беше престижна можност и посакувана позиција помеѓу студентите на правниот факултет - особено оние кои беа прва година на постдипломските студии - но таа исто така доаѓаше со не многу гламурозна работничка плата која не можеше да

покрие ништо повеќе од нејзината кирија и основните трошоци за живеачка летото. Можеби евентуално, ако живееше ептен стиснато, ќе ѝ останеа доволно пари за да ги купи книгите за следниот семестар. Или барем една од нив. Тие проклети чуда беа скапи.

Но и покрај скромните работнички плати, таа беше пресреќна за праксата. Без разлика на тоа колку нервозно и често мрмореше за своите студентски кредити, таа не студираше на правниот факултет за парите. Таа имаше шестгодишен академски и кариерен план - обожаваше да прави планови - а летната пракса беше следниот чекор од тој план. По завршувањето на постдипломските студии, планираше да најде работа кај некој федерален судија, а потоа да аплицира во кабинетот на народниот правобранител.

Иако најголемиот дел од студентите на правниот факултет немаа поим со какво право сакаат да се занимаваат после дипломирањето, тоа не беше случај со Рилан. Таа го знаеше тоа уште од десетгодишна возраст и никогаш се немаше поколебано, дури и покрај парите со кои мамеа големите правни фирми. Се разбира, тоа беше она што ги плаќаше сметките, но граѓанските судски постапки беа премногу сувопарни и безлични за нејзин вкус. Корпорација Х тужи Корпорација У за милиони долари во судење кое може да се влече со години и за кое никому не му е гајле, освен на адвокатите кои наплатиле три илјади часови годишно работејќи на случајот. Не, фала.

Рилан сакаше да биде на суд секој ден, во сржта на нештата, да работи на случаи кои значат *нешто*. И во нејзиниот ум, ништо не можеше да биде позначајно од ставањето криминалци зад решетки.

Од другата страна на масата се издигна машки глас кој ги прекина нејзините мисли. „Три месеци во Урбана. Дај, те молам потсети ме, како можеше девојката која е втора најдобра во нашата генерација да не си испланира и договори нешто подобро?“

Гласот му припаѓаше на нивниот пријател Шејн, кој, како и сите други на масата, имаше пијалак во раката и насмевка на лицето.

Рилан можеше да претпостави кои беа причините за неговата насмевка и општо за неговиот весел сјај. Освен завршувањето на финалните испити, летниот распуст значеше дека Шејн можеше да се врати дома и да ја види својата девојка која очигледно ја обожаваше - иако, со оглед на тоа што беше машко, тој природно се трудеше да го скрие овој факт.

„Не е важно местото, Шејн“, рече Рилан. „Важно е колку ќе бидеш добар кога ќе стигнеш таму.“

„Фино кажано.“ Реј се насмеа, кревајќи ја раката за да направат „да пукне“.

„Смеј ми се ако сакаш“, одговори Шејн. „Но мојот автомобил е спакуван, полн со бензин и со грицки за по пат. Во седум саат утре сабајле - и да врне и да вее - јас се губам одовде.“

„Седум саат сабајле?“ Реј драматично погледна во пијалакот во неговата рака, кој патем му беше трет вечерта. „Јас мислам дека тоа нема да се случи.“

На ова, тој само одмавна со раката, истурајќи малку од својот пијалак. „Ти се молам. Како мал мамурлак да може да му застане на патот на вљубен човек.“

„Ууу. Тоа е многу романтично“, рече Рилан.

„Плус, не сум легнал ништо цели два месеца, а сексот за добредојде е *неверојатен*.“

„И ете го тој Шејн кој сите ние го знаеме и сакаме.“ Рилан ја испи последната голтка од својот пијалак и го протресе мразот внатре. „Кога сме веќе кај мамурлаците, мислам дека следната тура е моја.“ Таа ги собра нарачките од групата, направи круг околу масата и се упати кон шанкот.

„Три Амстела, еден рум со диетална Кока Кола, еден џин-тоник и Корона со два лимона“, му рече на шанкерот.

Еден глас, длабок и мажествен, дојде од нејзината десна страна. „Звучи како добра забава.“

Рилан се сврте во правец на гласот и...

*Ау леле.*

Во Урбана не постоеја момци како оној кој беше

наведнат на шанкот до неа. Всушност, момци како оној до неа не постоеја на ниедно место за кое таа знаеше.

Неговата темно руса коса беше густа и малку потпорасната, благо му се допираше до јаката од памучната тегет кошула. Тој беше висок, со толку силно сини очи кои прободуваа, а вилицата му беше аглеста и покриена со подникната брадичка, како да се немаше избричено неколку дена. Имаше витко мускулесто тело и добро држење. Носеше темни фармерки и кожни износени чизми кои во комбинација со кошулата изгледаа грубо мажествени и непобитно секси.

Немаше сомневање дека таа не беше првата жена која неколкупати трепкаше додека го гледаше, а нема да биде ни последна. А тој очигледно беше потполно свесен за овој факт. Неговите сини очи блескаа како да му беше забавно, а едниот негов лакт стоеше потпрен на шанкот додека го чекаше нејзиниот одговор.

*Бегај.*

Тоа беше првата мисла која ѝ падна на ум на Рилан.

Нејзината втора мисла беше дека нејзината прва мисла беше *смешна* и за малку ќе почнеше да се смее на глас. *Бегај*. Навистина? Тој беше само некој тип во бар; со оглед на тоа што имаше поминато пет години во факултетски град кои им дозволуваше на луѓето да влегуваат во барови уште од деветнаесет години, таа имаше видено многу такви типови.

Таа покажа кон толпата околу нив. Беше нешто после 23.00 часот и местото крцаше од народ. „Последен ден од финалните испити. Вечерва е забава за сите.“

Тој ја погледна со испитувачки очи. „Дозволи ми да погодам. Дипломираш викендов. Денес си го положила последниот испит и вечерва го славиш твоето влегување во вистинскиот свет.“ Тој ја накоси главата. „Би рекол... отсек, маркетинг. Си добила работа во Лео Барнет и планираш да се вселиш во твојот прв стан во Чикаго, фино и прескапо двособно станче во Вригливил кое ќе го делиш со твојата цимерка онде.“ Тој кимна во правец на Реј, очигледно имаше забележано на која маса седеше Рилан.

Таа ја потпре раката на шанкот. „Оваа рутина со погодување на отсекот ти е типична фраза за започнување разговор или нешто што го користиш само во викендите кога се дипломира, надевајќи се дека повеќето жени се премногу пијани за да забележат колку е генеричка?“

Тој изгледаше навредено. „Генеричка? Имав намера да звучи самоуверено и перцептивно.“

„Е па заврши некаде помеѓу клиширана и арогантна.“

Тој се исклешти, откривајќи две мали дупчиња кои дадоа пакосно палава нијанса на неговата мажествена вилица. „Или можеби звучев толку страшно перцептивно што те извадив од памет.“

Шанкерот ги постави шесте пијалаци кои Рилан ги нарача на шанкот пред неа. Таа му даде две банкноти од по дваесет долари и го причека својот кусур. „Не си ни блиску“, му рече на Арогантен Дведупчевски, повеќе од задоволна да му докаже дека не беше во право. „Јас сум прва година на постдипломски студии. Правен факултет.“

„Ах. Значи го одложуваш влегувањето во вистинскиот свет за уште три години.“ Тој опуштено си пивна од пивото.

Рилан одолеа на нагонот да преврти со очите. „Аха, јасно ми е. Сега одиш на варијанта со клиширани *и* потценувачки фрази.“

Арогантен Дведупчевски намуртено ја погледна. „Не реков дека има нешто лошо во одложувањето на вистинскиот свет, советнику. Ти го заклучи тоа.“

Рилан ја отвори устата за да одговори, но повторно ја затвори. Океј, тоа беше фер. Но тој не беше единствениот кој можеше да дава брзи процени, а таа беше сигурна дека нејзината ќе биде многу поточна од неговата. Таа многу добро го знаеше неговиот тип - *секоја* жена го знаеше неговиот тип. Благословени со нездраво добар изглед и соодветна доза на преголема самодоверба, типовите како него обично компензираа со недостаток на интелигенција и карактер. Природата едноставно функционираше така за работите да бидат фер.

Шанкерот ѝ го подаде кусурот, па Рилан грабна

две пијачки за да го однесе првиот дел од нарачката до масата. Штотуку сакаше да му дофрли некој безобразен коментар за збогување на Арогантен Дведупчевски кога Реј одеднаш се појави покрај неа.

„Јас ќе ти помогнам со овие, Рилан." Со едно намигнување, Реј вешто грабна четири пијачки со двете раце. „Не сакам да си го прекинуваш разговорот поради нас."

Пред Рилан да успее да се побуни, Реј веќе се пробиваше низ гужвата назад кон масата.

Арогантен Дведупчевски се навали накај неа. „Мислам дека ѝ се допаѓам на твојата пријателка."

„Таа е позната по нејзиниот исклучително лош вкус за мажи."

Тој се насмеа. „Кажи ми како навистина се чувствуваш, советнику."

Рилан странично го погледна. „Знаеш, не сум 'советник' сè додека не магистрирам."

Очите на Арогантен Дведупчевски ги пресретнаа нејзините и се задржаа таму. „Добро, тогаш може да си се обраќаме по име. Рилан."

На почетокот, додека го меркаше од глава до петици, таа не рече ништо, но брзо дојде до еден неизбежен заклучок. „Ти си навикнат да добиваш сè што сакаш од жените, зар не?"

Неколку секунди, тој молчеше. „Впрочем, многу повеќе отколку што реално сакам."

Тој одеднаш изгледаше многу сериозно и Рилан не беше сигурна што да одговори. Можеби тоа беше знак дека требаше да си замине. Таа ја накоси чашата со учтива насмевка. „Мислам дека сега ќе се вратам кај моите пријатели. Ми беше мило што... те запознав, не баш како што треба."

Таа се врати на масата каде нејзините пријатели беа впуштени во жестока дебата на темата Петтиот амандман и правото да се советува за време на испрашувања за старателство. Дечките во нивната група, вклучувајќи го и Шејн, продолжија да се расправаат додека Рилан поминуваше, како да го немаа забележано или како

да не им беше гајле за нејзиниот разговор со типот на шанкот. Меѓутоа, Реј практично ја повлече Рилан за да седне до неа.

„Па? Како помина?“ праша таа нетрпеливо.

„Под претпоставка дека зборуваш за Арогантен Дведупчевски онде, не помина никако.“

„Арогантен Дведупчевски?“ Реј изгледаше како да сакаше да ја плесне по тилот. „Знаеш кој е тоа, така?“

Изненадена од прашањето, Рилан крадешкум погледна накај Арогантен Дведупчевски кој веќе им се имаше придружено на своите пријатели покрај масата за билјард. Па, таа имаше една теорија до тој момент. Судејќи според фармерките, памучната кошула и работничките чизми во комбинација со пораснатата косичка, таа претпоставуваше дека тој беше еден од локалните момци, најверојатно еден од оние дваесет и нешто годишните кои заедно со своите пријатели висеа по локалните барови во кампусот во потрага по лесни женски пленови.

Но сега, судејќи според импликацијата на Реј дека тој беше некој за кој таа требаше да има чуено, очигледно требаше повторно да размисли за својата претпоставка.

Можеби некој спортист. Типот беше доволно висок, сигурно над метар осумдесет и три-четири сантиметри, а дефинитивно имаше и такво тело - не дека таа имаше обрнато внимание на тоа, се разбира.

Можеби беше новиот бек на локалниот рагби тим или нешто слично. Рилан во последните девет месеци живееше во затворениот свет на правниот факултет и, искрено, немаше голем интерес за универзитетското рагби, па имаше големи шанси да се работи за нешто такво. Иако тој изгледаше малку постаро од студент.

„Добро, ќе загризам. Кој е типот?“ ја праша таа Реј. Се подготви да биде потполно неимпресионирана.

„Кајл Роудс.“

Рилан запре со пијачката на половина пат до нејзината уста. *Опа*. Таа всушност го знаеше името. Практично сите на универзитетот го знаеја тоа име.

„Милијардерот?“ праша.

„Технички, синот на милијардерот - но да, едниот и единствен“, рече Реј.

„Но нели Кајл Роудс е некој компјутерски гик?“

Реј се поднамести за подобро да погледне во темата на разговорот. „Ако сите компјутерски гикови имаат вакви лица, тогаш јас ќе се пријавам прва. Би му дозволила да ми ги притиска копчињата на тастатурата секој ден.“

„Многу убаво, Реј.“ Рилан му одолеа на нагонот повторно да погледне натаму. Таа не беше доволно запознаена со деталите на неговата приказна, но имаше прочитано доволно за татко му во весниците како Тајм, Њусвик и Форбс - чикашки бизнисмен кој беше епитом на американскиот сон. Од она што го помнеше, Греј Роудс потекнуваше од скромно семејство, имаше дипломирано на универзитетот во Илиноис и магистрирано на отсекот за компјутерски науки, а потоа имаше основано сопствена, софтверска компанија. Од она што го имаше читано по весници, таа не се сеќаваше на многу детали за неговата кариера, но се сеќаваше на оној еден детаљ кој навистина беше важен: пред десетина години, неговата компанија го имаше развиено антивирусот Роудс, програм за софтверска безбедност кој доживеа голем успех ширум светот со добивка од над милијарда долари.

Таа исто така знаеше дека Греј Роудс даваше големи донации на неговиот отсек на факултетот, барем претпоставуваше дека беше така, затоа што универзитетот имаше крстено една цела секција од кампусот по него - Центарот за компјутерски науки, Греј Роудс. Со неговата империја од милијарда долари, тој дефинитивно беше најбогатиот и најпознатиот поранешен студент на факултетот. Па така, Кајл Роудс, дипломиран студент на отсекот за компјутерски науки и очигледен наследник, исто така беше име кое луѓето го знаеја.

*Па, Арогантен Дведупчевски сега имаше име,* си помисли Рилан. *Добро, браво за него*.

Таа гледаше додека Кајл Роудс се наведнуваше врз масата за билјард, а памучната кошула му се растегна врз широките и очигледно многу добро дефинирани гради.

„Знаеш, можеш да се вратиш таму“, речеРеј со насмевка, а нејзините очи беа вперени во истиот правец како и очите на Рилан.

Рилан затресе со главата. *Нема шанси.* „Реј, зар мајка ти никогаш не те предупредила за ваквите типови?“

„Аха. На мојот шеснаесетти роденден, кога Трој Демпси паркираше пред мојата куќа и праша дали сакам да се повозам на неговиот мотор.“

„И? Отиде со него?“ праша Рилан.

„Многу јасно, по ѓаволите. Носев мини сукња и си го изгорев листот од ауспухот. До ден денес имам лузна.“

„Епа мислам дека треба да извлечеш некоја поука од тоа“, рече Рилан.

„Никогаш да не носам мини сукњи?“

Рилан се насмеа. „И тоа меѓу другото.“ *И да се држиш подалеку од лоши момци.*

Тие двете ја напуштија темата за Кајл Роудс и им се приклучија на нивните пријатели во дебатата за петтиот амандман. Времето летна без Рилан да забележи, па таа беше изненадена кога погледна на саат и виде дека беше поминато дванаесет часот. Се затекна како несвесно погледнува во правец на масата за билјард - нејзините предавнички очи како да имаа свој мозок таа ноќ - и забележа дека Кајл Роудс и неговите пријатели беа заминати.

А таа немаше никаков проблем со тоа.

Навистина.

# Два

СВЕТЛАТА ВО БАРОТ СЕ ИСКЛУЧИЈА, сигнал дека беше време сите да си заминат.

Рилан нетрпеливо погледна на часовникот, виде дека беше петнаесет до еден и се запраша што можеше да ја задржи Реј толку долго во тоалетот. Не мислеше дека нејзината пријателка повраќа - добро, двете имаа испиено по неколку пијачки таа ноќ, но ги пиеја во тек на неколку часа.

Кога уште една личност, трета во последните пет минути, се удри во Рилан во полупијаното стампедо кое одеше накај вратата, таа одлучи дека ќе биде најдобро да ја провери Реј. Туркајќи се низ толпата, навлезе подлабоко во барот. Одеднаш, без предупредување, од левата страна во неа се удри еден тип, истурајќи го своето пиво врз предниот дел од нејзината црна блуза на V израз.

Рилан се згрчи кога ладната леплива течност се лизна помеѓу нејзините гради и надолу по нејзиниот стомак. Таа погледна во несмасниот виновник, еден тип со бејзбол капче со една грчка буква на предниот дел. „Одлично, баш одлично“, рече таа суво.

Тој ѝ упати една искривена насмевка. „Извини.“ Тогаш се сврте и го турна својот пријател. „Види што направив поради тебе, гомнар.“

Додека дружината гомнари излегуваа од барот без да ја погледнат по вторпат, Рилан затресе со главата. „Бруцоши“, си промрморе таа под нос. Тогаш одлучи дека беше време да престанат да ги посетуваат баровите во кампусот. Добро, пијачките беа евтини, но очигледно мораа да најдат некои места каде се собираа малку посозреани луѓе.

„Немој да се нервираш толку многу, советнику. Па сигурно до пред некое време си одела на забавите на братствата со такви како него.“

Рилан го препозна гласот кој ја задеваше. Таа се сврте и го виде Арогантен Дведупчевски, исто така познат како Кајл Роудс, застанат потпрен на шанкот со неговите долги нозе истегнати пред себе.

Таа се упати кон шанкот, решена да остане смирена во лицето на таа нездрава привлечност и се обиде да одлучи колку беше иритантно тоа што неговите проценки за неа стануваа поточни. Таа *порано* навистина беше член на едно сестринство и навистина одеше на сестрински игранки со недораснати момци од братства кои носеа бејзбол капчиња со грчки букви и неизбежно истураа пива врз неа во одреден дел од ноќта. Добри времиња.

Таа застана покрај Кајл пред шанкот и покажа кон купчето салфети зад него. „Дај ми една салфета, те молам.“

„Нема да ми кажеш дека не сум во право за партнерите за игранките?“

„Го трефна на среќа.“ Рилан ја подаде раката и го повтори барањето. „Салфета.“

Кајл ја погледна, а потоа се сврте кон типот кој стоеше зад шанкот. „Ќе може да ни дадеш една крпа, Ден?“

„Нема проблем, Кајл.“ Шанкерот отвори едно шкафче под шанкот и извади чиста крпа. Му ја подаде на Кајл, а тој пак ѝ ја подаде на Рилан.

„Фала. Очигледно луѓето овде те знаат, *Кајл*.“ Таа намерно го повтори неговото име за да не мора да се прави наудрена ако подоцна самиот понуди да ѝ го каже. Од некоја причина, таа не сакаше тој да знае дека Реј ѝ го имаше откриено неговиот идентитет.

„Менаџерот ми е пријател." Кајл покажа кон двајцата негови пријатели кои играа билјард во аголот од барот. „Тој ни дава бесплатни пијачки. Не можеш да најдеш подобро од тоа."

Рилан се воздржа за да не се насмее. Таа не мислеше дека еден син на милијардер би требало да се радува на бесплатни пијачки. Но добро, со оглед на тоа што никогаш претходно немаше запознаено син на милијардер, таа не можеше да знае на што се радуваа тие.

Почна да си ја брише влажната блуза со крпата, благодарна што носеше црно и што не мораше да се грижи барем за проѕирање. Делумно очекуваше Кајл да откачи некоја досетлива забелешка за начинот на кој материјалот ѝ се лепеше за градите, но тој не рече ништо. Кога таа заврши со крпата и ја врати на шанкот, го крена погледот и виде дека неговите очи беа вперени во нејзините очи, а не во нејзините гради.

„Па, каде се твоите пријатели?" ја праша тој.

*Срање! Реј.* Рилан имаше целосно заборавено на неа откако типот од братството ја полеа со пиво. „Тоа е добро прашање." Таа разгледа низ барот и забележа дека местото беше празно со исклучок на неколку останати пијани студенти. Ниту Реј, ниту некој друг од нејзините колеги не беше меѓу нив.

Ова почнуваше да станува чудно.

„Другарка ми требаше да ме чека кај вратата откако ќе заврши во тоалетот, но воопшто не се врати... Извини ме накратко." Рилан го остави Кајл покрај шанкот и тргна кон женскиот тоалет. По брза проверка на кабините откри дека сите беа празни. Откако излезе од женскиот тоалет, таа се упати кон широките, дрвени скали кои водеа до вториот кат. Еден тип од обезбедувањето брзо ѝ го пресече патот.

„Барот е затворен", рече тој. „Ќе те замолам да го напуштиш."

„Ја барам другарка ми, рече дека ќе оди до тоалет. И горе има еден тоалет, така?"

„Да, но таму нема никој. Штотуку проверив", рече типот.

„А на горниот шанк? Нема останати луѓе? Висока девојка, светло кафена коса, во црвена маица?“

Типот од обезбедувањето затресе со главата. „Нема, жал ми е. Целиот кат е празен.“

Кајл се појави покрај Рилан додека типот од обезбедувањето се оддалечуваше.

„Добро, сега сум загрижена“, рече таа, повеќе зборувајќи си самата отколку што му се обраќаше нему.

„Има мобилен телефон?“ праша Кајл.

Рилан се намурти. „Да, но јас немам.“ Таа го забележа погледот на Кајл и веднаш стана одбранбено настроена. Реј и речиси сите други кои ги познаваше цела година ѝ трубеа на глава да купи мобилен телефон. „Еј, тие тарифи и претплати не се баш евтини.“

Тој извади црн мобилен телефон од џебот на фармерките. „Има нешто што се вика ‘бесплатни минути секоја ноќ.’ Добредојде во 2003 година.“

„Ха, ха.“ Рилан помисли да го замолчи со едно остро зјапање, но сепак одлучи да не го прави тоа, затоа што навистина имаше потреба да се послужи со неговиот мобилен телефон. Безобразлукот можеше да почека.

Го зеде телефонот од Кајл, сфаќајќи дека ова беше вторпат да прифати помош од него во последните пет минути. Општата култура значеше дека ова ја обврзуваше да биде барем малку љубезна со него.

По ѓаволите.

Таа го сврте бројот на Реј и чекаше додека телефонот ѕвонеше. „Ало?“ Нејзината пријателка одговори со збунет тон.

Рилан издиша од олеснување. „Реј, каде си? Јас стојам овде како идиот и те чекам да излезеш од тоалетот. Но ти *не си во* тоалетот.“

„Carpe diem.[1]“

Рилан се повлече на некој метар од Кајл. „‘Carpe diem?’ Што ти значи тоа?“ Имаше некое чудно претчувство дека следните зборови на нејзината пријателка нема да ѝ се допаднат.

1 Зграпчи го денот

„Тоа на латински значи ‘те молам не ме убивај’.“

*Оф, да му се плукнам.*

„Што направи, Реј?“

„Добро, слушај што се случи: Кога излегов од тоалетот го видов Кајл Роудс на шанкот, те меркаше“, рече Реј. „Па одлучив дека, штом ти немаш намера да се почестиш со малку забава после долгата година која ја имавме, јас ќе направам забавата да дојде кај тебе. Па ги грабнав дечките и се искрадовме низ задната врата.“

„Те молам речи ми дека не си го направила тоа.“

„Го направив. Тој е син на милијардер, Рилан. И прекрасен е. Впрочем, ти би требало да ми се заблагодариш. Ние веќе сме на еден блок од станот на Шејн и мислам дека ќе поседам тука некое време. Да ти оставам малку простор.“

Рилан го стиши тонот уште повеќе. „Ова е против женскиот кодекс, Реј. Никогаш не смееш да оставиш една од своите зад себе. Сега јас ќе треба да се враќам сама дома.“

„Не ако сѐ оди според планот...“ Реј звучеше како некој злобен генијалец, а нејзиниот тон наскоро доби итра нишка. „Патем, чиј телефон е овој?“

Немаше шанси Рилан да одговори на тоа прашање. „Кога подобро ќе размислам, мислам дека сепак ќе те убијам. Потоа ќе ти ги украдам црните Маноло Бланик кои ги купи минатата зима и ќе танцувам во нив на твојот погреб.“ Таа драматично го притисна копчето за прекинување на повикот.

Се врати кај Кајл и му го подаде телефонот.

„Па?“ праша тој.

Рилан брзо смисли изговор. „На еден од нашите пријатели му се слошило, па Реј и останатите морале веднаш да го однесат дома.“

„Или можеби те оставила овде намерно за да заглавиш со мене.“

Рилан ги зафрли рацете нагоре. „Добро, ова е одлепено. Како би можел да го знаеш тоа?“

Кајл ги крена рамениците.

„Го слушнав она ‘carpe diem’ и претпоставив. Имам сестра близначка. Сум видел како таа и нејзините пријателки размислуваат со своите страшни мозоци за спојување луѓе.“

Рилан се вцрвени. „Се надевам дека знаеш дека јас немав никаква врска со ова.“

Кајл изгледаше како шемата на Реј да му беше забавна, а не како да имаше нешто против неа. „Не грижи се, советнику, нема да те оптужам за соучествување во заговор.“ Тој кимна кон вратата. „Ајде. Јас ќе те испратам до дома.“

Рилан тргна кон излезот. „Фала, но нема потреба. Живеам на само осум блока одовде.“

Кајл фркна со носот додека ја следеше накај вратата. „Џабе ме убедуваш, нема шанси да дозволам една жена да оди сама до дома во еден ипол наутро. Мајка ми ме воспита да бидам подобар од тоа.“

„Нема да ѝ кажам ако не ме испратиш.“ Не дека Рилан сакаше да се враќа сама дома, но ќе излажеше ако кажеше дека го немаше правено тоа порано во првите години од студирањето. Покрај тоа, Кајл Роудс и самиот беше практично непознат човек за неа. Од каде можеше да знае дека *тој* беше безбеден?

Кајл ја запре баш кога таа стигна до вратата. „Не се работи само за тоа што би рекла мајка ми; се работи и за тоа што мислам јас. Сестра ми е на постдипломски студии на Нортвестерн. Да дознаам дека некој кретен ја оставил да се враќа сама дома вака доцна, би го претепал. Па мислам дека си заглавена со мене. Без разлика дали тоа ти се допаѓа или не.“

Рилан размисли за своите опции. Говорот за сестра му звучеше доволно искрено. Од она што таа можеше да го забележи, Кајл Роудс беше арогантен и дефинитивно неволја, но не таква неволја. „Добро. Може да ме испратиш.“ Таа направи пауза. „Фала.“

„Гледаш? Толку беше тешко да бидеш фина со мене?“

Рилан ја отвори вратата и излезе надвор. Како и обично, надвор имаше многу гужва, бидејќи студентите дискутирааа за многу важни прашања: на која забава да

продолжат после барот и дали по пат да застанат во Ла Бамба на бурито. „Сигурна сум дека има повеќе од доволно жени кои со задоволство се љубезни со тебе“, му рече таа на Кајл додека се пробиваше низ насобраните луѓе. „Мислев дека ќе биде интересно јас да отстапам од општиот тренд.“

Кајл ја следеше. „Кој се расфрла со претпоставки сега?“

„Ти си тој кој виси по барови, наоѓајќи пленови во разни жени кои купуваат пијалаци. Не мора да сум генијалец за да сфатам дека ова не ти е првпат да испраќаш девојка до дома.“

„Како прво...“ Кајл беше пресечен од страна на група жени кои одеа во спротивниот правец и за момент го разделија од Рилан додека поминуваа покрај нив двајца. Игнорирајќи ги заинтересираните погледи на жените, тој продолжи, „Како прво, јас не наоѓам никакви пленови. Како второ, јас немам навика да висам по барови и да собирам жени. Вечерва беше исклучок. Те видов на масата со твоите пријатели и те следев до шанкот кога стана.“

„Зошто?“

Тој многу опуштено ги крена рамениците. „Ми се виде згодна.“

„Фала“, рече Рилан саркастично.

Еден пијан студент се тетеравеше накај нив. Кајл ја опфати Рилан околу половината и ја тргна од патот на човекот баш пред тој да се удри во неа.

Застанаа на аголот од улицата, држејќи безбедно растојание од пијаниот тип и чекајќи на семафорот да се вклучи зелено светло. Кајл ја погледна. „Не знаев дека исто така си била и... луто пиперче.“

„Слободно можеш да ја анулираш твојата иницијална понуда на интерес.“

Кајл се насмеа. „Исусе, ти *навистина* си *правник гик*. Немам намера да анулирам ништо. Немам ништо против жешко луто пиперче. Мене всушност тоа и ми се допаѓа кај девојка.“ Тој ја накоси главата, размислувајќи за ова. „И кај пилешките крилца. Најдобри се кога се

жешки и комбинирани со луто пиперче.“

Рилан ја сврте главата и зјапна во него. „Дали ти штотуку ме спореди со пилешки крилца или погрешно те сфатив?“

„Зошто го кажуваш тоа како да е лоша работа? Пилешките крилца се закон.“

Рилан мораше да се воздржи за да не се насмее на тоа. „Зошто добивам впечаток дека ти никогаш не си сериозен?“

Кајл ја крена раката и покажа кон купиштата луѓе на тротоарите и улицата. Расположението дефинитивно се чувствуваше во воздухот. „Кој сака да биде сериозен вечерва? Последниот семестар за годинава заврши, советнику. Живеј малку.“

Искрено, таа не беше баш сигурна што да мисли за Кајл Роудс. Логичниот дел од неа знаеше дека со целата онаа работа со наследството од милијарда долари во комбинација со грубиот изглед и излитените работнички чизми кои работеа во негова корист, таа најверојатно беше една од долгата низа жени на кои тој им се пушташе. Како и да е, ќе излажеше ако речеше дека неговото внимание не ѝ ласкаше и покрај тоа што беше свесна за онаа првата работа. Ова беше тип кој сигурно го бркаа многу жени, а тој ја бркаше неа.

Барем пет минути.

„Види“, му рече таа на Кајл. „Го ценам ова што ме испраќаш до дома. Навистина. Но колку да сме на чисто, тоа ќе биде сѐ. Испраќање до дома. Прошетка.“

Зеленото светло на семафорот се вклучи и тие заедно ја поминаа улицата.

„Без навреда, но ми изгледаш малку стегнато за правилата овде“, рече Кајл. „Зарем никогаш не ги оставаш работите да си одат спонтано?“

„Би рекла дека повеќе сум планер отколку што сакам да ги оставам работите да одат кај ќе им текне.“

Тој офна. „Гарантирам дека ти си една од оние личности кои имаат петгодишни планови.“

„Мојот е шестгодишен.“ Рилан го забележа неговиот

поглед. „Што? Толку време ќе ми треба за да стигнам таму каде што сакам да бидам“, рече таа со доза на одбранбеност. „Не сите го имаме луксузот да пловиме низ дваесеттите години додека да одлучиме дека е време да се порасне, Кајл *Роудс*.“

Кајл се сврте и застана пред неа, толку нагло што таа за малку ќе се удреше во него. „Слушај, ќе го премотам целиот овој говор со кој богатиот тип треба да се спушти на земја. Се справувам со оваа рутина уште од средно школо.“ Тој драматично го крена показалецот. „И јас не пловам низ ништо во животот. Ако баш сакаш да знаеш, причината поради која славев вечерва е затоа што денес го положив квалификациониот испит за да станам кандидат за докторат.“

Рилан се сепна. „Импресивно. Можеби во иднина би требало да ги почнуваш разговорите со тоа, а не со баналните фрази 'дозволи да погодам на кој отсек студираш'.“ Таа шармантно се насмевна. „Ти давам само предлог.“

Кајл ги зафрли рацете нагоре. „Никогаш повеќе, се колнам. Така ми треба кога приоѓам на непозната девојка во бар. Ја одбрав баш саркастичната.“ Тој фрустрирано се оддалечи од неа.

Рилан го остави да помине неколку метри пред да викне по него. „Одиш во погрешен правец.“ Кога тој се сврте, таа невино покажа. „Мојот стан е наваму.“

Тој смени правец и ладно помина покрај неа.

На Рилан ѝ беше забавно додека го гледаше како поминува покрај неа. На некој начин ѝ се допаѓаше намќорестата страна на Кајл Роудс. Таа изгледаше многу пореално од квази шармерската рутина на Арогантен Дведупчевски. „Мислам дека ако одиш половина блок пред мене тоа не може да се смета за испраќање до дома“, извика таа по него. „Прилично сум сигурна дека има правило за растојание од пет метри или нешто слично.“

Кајл застана, но не се сврте. Тој тивко ја чекаше да го стигне. Кога дојде до него, таа застана малку поблиску од претходно. „Претпоставувам дека треба да ти честитам. Кажи ми нешто повеќе за испитот за докторат.“

„Оф, *сега* сакаш да бидеш фина", рече тој.

„Размислувам за тоа."

Продолжија да одат накај нејзиниот стан. „Моментално сум на постдипломски студии на програмата за компјутерски науки", рече Кајл. „Фокусот ми е на системи и истражувања на мрежи, особено безбедност. Заштита против DoS напади."

„Тоа звучи многу... технички."

Кога забележа дека таа немаше поим за што зборуваше, тој објасни. „DoS значи 'denial of service'. Во основа, еден вид на компјутерско хакирање. Компаниите главно ги сметаат за неважни, но мојата прогноза е дека овој тип на напади ќе продолжат да стануваат сè понапредни во текот на наредните неколку години. Слушај ми го зборот, еден ден, некој ќе предизвика голема паника и хаос ако веб страните не почнат да ги сфаќаат овие закани сериозно."

„Татко ти сигурно е многу горд што влегуваш во семејниот бизнис", рече Рилан.

Тој направи гримаса. „Впрочем, тоа е болна тема. Јас не планирам да работам за него. Јас би сакал да предавам." Тој го забележа изненадениот поглед на Рилан, па само ги крена рамениците. „Ништо не се споредува со работно место кое остава летата да ти бидат слободни, зар не?"

„Зошто го правиш тоа?" го праша таа.

„Кое?"

„Па шириш некоја вибрација како да си премногу опуштен и како да сакаш луѓето да не те сфаќаат премногу сериозно. Претпоставам дека тоа исто така е причината поради која ги носиш работничките чизми и памучната кошула."

„Не, носам работнички чизми и памучни кошули затоа што се *удобни и пријатни*. Во случај да не си забележала, нашиов факултет се наоѓа сред поле со пченки. Не е дека овде бараат носење на костуми и вратоврски." Тој ја накоси главата. „А покрај тоа, што ти е тебе важно какви вибрации ширам јас?"

„Затоа што се сомневам дека во прочуениот Кајл Роудс има нешто повеќе од она што се гледа со голо око.“

Застанаа на еден уличен агол, на само два блока од станот на Рилан. Ладното ветре брзо ја потсети дека носеше влажна маица. Стресувајќи се, таа ги прекрсти рацете преку градите и ги протри за да се стопли.

„Не. Сè уште сум истиот кретен за кој ме сметаше поради бедната фраза со која го отворив муабетот.“ Без дискусија, Кајл ја соблече памучната кошула и ѝ ја подаде на Рилан. Под неа, тој носеше сива маичка која прекрасно му ги прегрнуваше дефинираните мускули на градите, стомакот и бицепсите.

Рилан само одмавна со раката кон кошулата, обидувајќи се да не зјапа во неговото тело. И дефинитивно не успеа во тоа. „Ох, не, фала. Има само уште два блока до мојот стан. Ќе бидам добро.“

„Земи ја кошулата. Да чуе мајка ми дека сум оставил жена да се шета ноќе тресејќи се во влажна маица, ќе ме убие.“

Рилан ја зеде кошулата и ги пикна рацете во ракавите. Таа беше топла од неговото тело. „Има дваесет и три години и сè уште ја слуша мајка му. Слатко.“

Кајл ѝ се приближи и ја намести јаката од кошулата која беше фатена во внатрешниот дел. „Дваесет и четири. И мајка ми е закон - и ти би ја слушала.“ Тој кимна, задоволен со јаката. „Ете.“

Кога неговата рака лесно и низ движење го допре вратот на Рилан, нешто во нејзиниот стомак се преврте. Како некој да запали оган.

По ѓаволите.

„Фала“, рече таа. *Не овој,* таа остро се потсети самата. Овој тип си немаше никаква работа во нејзиниот шестгодишен план. По ѓаволите, тој немаше што да бара ни во нејзиниот шестдневен план.

Кајл погледна надолу во неа. „Те излажав кога ти реков дека сум те следел до шанкот затоа што си згодна.“ Тој ѝ го допре образот. „Те видов додека се смееше со твоите пријатели и твојата насмевка веднаш ме привлече.“

Ох... човече. Срцето на Рилан направи една чудна работа, како да прескокна едно отчукување. Додека гледаше во тие негови неверојатни сини очи, таа за момент дебатираше во себе, а потоа одлучи: зошто па да не, по ѓаволите? После годината која ја имаше поминато, имаше заслужено да се почести со малку забава.

Се поткрена на прсти, ги крена усните кон неговите и го бакна.

Бакнежот на почетокот беше нежен и како игра, но тој брзо ѝ го опфати образот додека полека и заводливо ја присвојуваше нејзината уста со својата. Таа ја залепи раката за неговите гради и полека ја лизна нагоре, моментално заборавајќи - или воопшто не ѝ беше гајле - дека стоеја на уличен агол каде секој можеше да ги види. Се залепи за него, а бакнежот стана подлабок додека неговиот јазик кружеше околу нејзиниот, доволно топол за да ѝ го стопи целото тело.

Ѝ се чинеше како да помина цела вечност додека да успее полека да ги одлепи своите усни од неговите.

Неговата рака сè уште беше на нејзиниот образ, а нивните усни сè уште стоеја на само неколку сантиметри една од друга. Очите му беа длабоки, а сината боја во нив изгледаше како да гореше. „Што те натера да го направиш тоа?“

„Мислев дека би било добро еднаш да направам нешто спонтано за промена“, рече таа малку задишано.

Тој ја крена веѓата. „И?“

*Возбудливо.* Рилан самата си се насмевна, таа имаше претчувство дека Кајл Роудс веќе имаше добиено доволно комплименти за неговото бакнување за да му траат цел живот. Па така таа само ги крена рамениците. „Не беше лошо.“

Кајл фркна со носот. „Не беше лошо? Советнику, има две работи за кои имам ужасно откачени вештини. А компјутерските науки се втората работа.“

*Дооообро тогаш.* Рилан преврте со очите. „Сериозно, од кај ги копаш фразиве?“ Таа се сврте и повторно почна да оди кон својот стан, заклучувајќи дека на тротоарот немаше доволно место за неа, Кајл Роудс и неговото его.

Помина неколку метри кога го слушна како извикува по неа. „Ако одиш половина блок пред мене, тоа не може да се смета за испраќање до дома“, рече тој, задевајќи ја со нејзините зборови од претходно.

„Те ослободувам од сите должности!“ извика таа без да се сврти. Можеше да ја чуе неговата смеа, топла и богата, додека ја следеше.

Кога стигна до зградата, таа пресече низ дворот и директно се упати кон старите, дрвени скали кои водеа до нејзиниот стан на вториот кат кој го делеше со Реј.

„Рилан.“

Таа се сврте и го виде Кајл како стои на почетокот од скалите.

„Се прашував дали ќе останеш во полево со пченки летово“, рече тој.

„Не дека е важно, но да.“ Таа шмркна. „Ќе одам на пракса во кабинетот на народниот правобранител.“

Кајл се качи по скалите за да ја пресретне на половина пат. „Во тој случај, излези на вечера со мене утре.“

„Мислам дека тоа не е добра идеја.“

Тој ја повлече јаката на кошулата која таа ја носеше. „Значи што? Едноставно ќе ми ја земеш кошулата и ќе побегнеш?“

Таа целосно имаше заборавено на тоа. Полека почна да ја соблекува кошулата. „Извини. Јас...“

Кајл ги стави рацете врз нејзините. „Задржи ја. Ми се допаѓа како ти стои.“

Проклетите искри ѝ пуцкаа низ целото тело. Таа го погледна најсериозно што можеше. „Ова требаше да биде само испраќање до дома.“

„Зборуваме само за еден состанок, советнику. Ќе нарачаме пилешки крилца и пиво и ќе се жалиме за тоа колку ќе ни биде досадно овде летово.“

Тоа навистина не звучеше лошо. „А што ако ти речев дека нема да останам тука летово?“ праша Рилан. „Што ако беше во право и ако ти кажев дека утре заминувам за Чикаго за да се вселам во мојот двособен стан во Вригливил?“

Тој се исклешти, тоа беше насмевка која можеше да ги стопи поларните мразови. „Претпоставувам дека тогаш ќе требаше да возам два часа за да те земам и да те однесам на пилешки крилца. Се гледаме утре, советнику. Осум часот.“ Со тоа, тој се сврте и се симна по скалите.

Неколку минути подоцна, безбедно вгнездена во својот стан, Рилан ја потпре главата на вратата, размислувајќи за настаните од вечерта. Ги затвори очите, а на крајчињата од нејзината уста се појави една насмевка и покрај сите нејзини обиди да се избори против неа.

Леле.

КАКО И ДА Е, судбината не сакаше да дозволи доброто чувство да потрае.

Рилан чекаше до 22.00 часот, два часа повеќе од времето кое беше договорено за Кајл да се појави во нејзиниот стан. Тогаш конечно се откажа и ги соблече фармерките и потпетиците.

Тој ја имаше извисено.

*Ова беше во ред*, се увери таа. Нејзината пракса, која со душа ја чекаше со месеци, почнуваше за една недела и навистина не ѝ требаше вниманието да ѝ биде одвлекувано со први состаноци со шармантни, секси милијардери и компјутерски чудаци за кои подоцна ќе си ја тупи главата дали повторно ќе ѝ се јават.

*КутратаРеј ќе биде страшно разочарана*, помисли таа. Пред да си замине за летниот распуст, таа ѝ ги имаше оставено своите црни чевли на Маноло Бланик специјално за оваа прилика.

„Нема шанси да ти дозволам да ми се шеташ наоколу во твоите апостолки и тоа на состанок со милијардер“, ѝ имаше речено Реј, обидувајќи се да остане смирена и да не покажува премногу емоции додека ѝ ја подаваше кутијата со чевли на Рилан пред да влезе во својот автомобил.

Рилан ја прегрна својата пријателка.

„Ти и остатокот од твоите чевли мора да се вратите многу брзо.“

„Јави ми се утре за да ми кажеш како ќе помине состанокот", ѝ имаше речено Реј. „Можеби ќе го запали неговиот приватен авион и ќе те однесе во Италија на пица или можеби ќе изнајми цел ресторан за вашиот прв состанок."

*Или можеби едноставно ќе заборави на целата работа.*

Решена да го игнорира разочарувањето кое го чувствуваше, Рилан се пресоблече во пижами. Немаше логика да биде дотерана ако немаше каде да оди.

Удобно се смести на каучот и отсутно почна да ги менува каналите. Веднаш забележа колку ужасно тивок беше станот, а веќе во следниот момент, таа сфати колку опасно блиску се наоѓаше до закопување во самосожалување.

*Нема шанси*, си рече самата, одбивајќи да тргне по тој пат. Па не е дека Кајл Роудс беше *толку* одличен.

Како прво, тој беше надмен, арогантен и премногу самоуверен.

Како второ, тој се облекуваше како штотуку да паднал од трактор, а целата онаа работа со компјутерите? Тоа му беше колку да има за што да прави муабет.

Искрено, типот навистина не ѝ се ни допаѓаше толку многу.

Навистина.

СЛЕДНОТО УТРО, Рилан излезе од својата спална соба и се подготви за трчање. Со сите часови кои ги имаше поминато во учење во последните неколку месеци, таа речиси никогаш не наоѓаше време за вежбање и дефинитивно сега мораше да одвои малку време и за тоа. Претпоставуваше дека нејзиниот ентузијазам ќе трае некои петнаесетина минути додека не колабира на некоја улица после километар - два.

Таа навистина беше добро расположена за жена која беше извисена претходната ноќ. Најголемиот дел од тоа расположение се потпалуваше од фактот што планираше да ја фрли кошулата на Кајл Роудс во некој

контејнер на излегување, а исто така и од фактот што имаше испланирано што ќе му каже во случај некогаш повторно да налета на него. Тоа беше само една реченица и се вртеше околу тоа дека со оглед на тоа што не добила шанса да ја стави неговата кошула каде што навистина сакала, ја напикала на другото место каде што не свети сонце.

Кога излезе од зградата со mp3 плеерот во едната рака и кошулата за фрлање во другата рака, таа го виде весникот кој лежеше пред нејзината влезна врата. Додека го креваше, утринското сонце ја натера да трепне, а нејзиниот мозок отсутно размислуваше за тоа дека мајскиот ден ќе биде топол и прекрасен. *Совршен ден за на базен,* си помисли таа, *можеби ќе...*

Ѝ требаа неколку секунди за зборовите од насловната страница од весникот да се регистрираат во нејзиниот ум. На почетокот, насловот звучеше како и секој друг трагичен наслов, оној вид на наслов кој те тера да се вкочаниш од краткиот налет на тага кој се чувствува кога ќе чуеш таква работа. Тогаш коцките се споија.

**СОПРУГА НА МИЛИЈАРДЕР, ПОРАНЕШЕН СТУДЕНТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ, ПОЧИНА ВО СООБРАЌАЈНА НЕСРЕЌА**

*Мерилин Роудс.*

Мајката на Кајл.

Без да го крене погледот од весникот, Рилан се врати внатре, ја затвори вратата, седна на масата во кујната и почна да чита.